ДОГОВОР

Склучен на ден_____200___год. меѓу:

1. ЈКП Водовод Битола од една страна како Давател на услугата, претставувано од Директорот м-р Андреј Гинов и,

2. _____од _____ул._____ бр._____, вработен во _____ со ЕМБГ_____, како Корисник на услугата.

Член 1

Предмет на договорот е приклучување на станот, сопственост на Корисникот на услугата, на градската водоводна мрежа.

Член 2

Давателот на услугата е согласен да го приклучи станот сопственост на Корисникот на услугата, на водоводната мрежа, преку посебен водомер.

Член 3

Приклучувањето ќе се изврши на тој начин што објектот-станот на корисникот преку главниот водомер – централниот водомер за станбената зграда, а преку него на водоводната мрежа со која стопанисува Давателот на услугата.

Член 4

Пред објектот-станот да биде приклучен на водоводната мрежа, од службени лица на Давателот на услугата ќе биде извршена проверка на исправноста на инсталацијата во станот и самиот посебен водомер, како и прием на истиот. Трошоците за ваквата интервенција од страна на Давателот на услугата, паѓаат на сметка на Корисникот на услугата.

Член 5

Корисникот на услугата е согласен, потрошената вода од посебниот водомер да ја плаќа во законски рок по воспоставена сметка. Доколку не подмири две едноподруго сметки или три во тековната година, ќе биде тужен, а крајно исклучен од водоснабдувањето, согласно законот. Трошоците за прекинувањето на водоснабдувањето и повторно приклучување ќе ги сноси Корисникот на услугата.

Член 6

Сите потребни интервенции околу приклучокот (отварање и затварање на арматурата од двете страни, монтирање, демонтирање чистење и други случаи) ги врши исклучиво Давателот на услугата за сметка на Корисникот, согласно законот.

Член 7

Давателот на услугата врши преглед на исправноста на водомерот согласно законот за метрологија. Прегледот за исправноста и евентуалната замена заради баждирање на мерниот инструмент, паѓаат на сметка на Давателот на услугата.

Член 8

Корисникот на услугата е должен редовно да ја одржува водоводната линија, односно водомерот и истиот да го штити од механички и други оштетувања, студ, мраз и сл.

Член 9

Корисникот на услугата, доколку го оттуѓи или изврши пренамена на станот, должен е да го извести Давателот на услугата, ЈКП Водовод - Битола.

Член 10

Овој договор се склучува на неопределено време, а измени и дополненија можат да се вршат со анекс кон истиот.

Член 11

За се што не е предвидено со овој договор, ќе важи ЗОО.

Член 12

Во случај на спор надлежен ќе биде Основен суд во Битола.

Член 13

Овој договор е склучен во 3 еднообразни примероци од кои 2 за Давателот на услугата и 1 за Корисникот на услугата.

Давател на услугата **Корисник на услугата**